# Продолжена гаранција

Автоматско продолжување на гаранцијата од производителот или од трговецот за максимум дополнителни 24 месеци на многу производи како апарати за домаќинство, ако истите се платени со Visa Platinum картичка.

Гарантниот период обезбеден од Visa во однос на оваа програма за продолжена гаранција важи по истекот на гаранцијата од производителот. Доколку производителот за своите производи обезбедува гаранцијата помала од 24 месеци, програмата Продолжена гаранција нема да ги покрие тие купувања.

Дел од посебните услови:

- Производот мора целосно да биде платен со Visa Platinum
- Продажното место каде бил купен производот, мора да биде лоциран во земјата каде корисникот е резидент. За купувања преку интернет, продажната компанија мора да биде регистирана во земјата каде корисникот е резидент.
- Производот треба да е наменет за користење на пазар во земјата каде корисникот е резидент.
- Продолжената гаранција покрива трошоци за поправка ако се појави механички дефект само по истекот на оригиналната гаранција од производителот.

Сите барања за продолжена гаранција  треба да се достават до Claims Helpline card.claims@rus-survey.ru  заедно со:

- Името на корисникот на картичката
- Првите 9 цифри од бројот на картичка со која е купен производот
- Адреса на корисникот на картичката
- Полиса или дел од полисата под кој корисникот сака да поднесе барање

Корисникот се советува да си чува копија од сите документи за негова референца.

Повеќе информации за бенефициите и условите во делот на Продолжена гаранција може да најдете на следниов линк
https://cardholderbenefitsonline.com/